**ЗАПИСНИК**
**од 11-та седница на**
**Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**
**одржана на 22.02.2018 година**

**Присутни членови на Советот на Агенцијата**: Лазо Петрушевски, претседател на Советот на АААВМУ, д-р Милаим Фетаи, заменик претседател на Советот на АААВМУ, м-р Алма Машовиќ, Зоран Фидановски, Лазар Трајчев, м-р Методија Јанчески и Селвер Ајдини.

**Отсутни членови на Советот на Агенцијата: /**

**На седницата беше присутен д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.**

**Присутни од Стручната служба:** м-р Драгица Љубевска, м-р Магдалена Давидовска Довлева, Горан Радуновиќ, Маја Дамевска и м-р Ивана Стојановска.

**Други присутни:** Сања Јовановиќ Дамјановски од ТВ Телма, Михаела Димовски ТВ Канал 5, Валмира Зендели од ТВ Алсат, Дејан Ѓорѓиевски од ЦРМ и Столе Наумов од РА Канал 77.

Г-дин Петрушевски ја отвори 11-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги. Седницата започна во 16:00 часот и се одржа во просториите на Агенцијата.

Советот на Агенцијата едногласно со 7 гласа „за" го усвои следниот:

**Д Н Е В Е Н   Р Е Д**

1. Усвојување на предлог-записник од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.02.2018 година.
2. Предлози за запирање на покренати постапки за одземање на дозволи на радиодифузери.
3. Предлог – одлуки за одземање на дозволи на радиодифузери.
4. Предлог-заклучок во врска со констатациите од увидот во документите за регистрација на правните лица коишто се основачи на ТВ 24 Вести од Штип.
5. Предлог-одлука за поведување постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност, кај ТРД 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип.
6. Разно.

**Точка 1**

Советот го разгледа и со 6 гласа „за“ и еден воздржан глас од г-дин Фетаи го усвои Записникот од 10-та седница на Советот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, одржана на 20.02.2018 година, со текст како што беше предложен.

**Точка 2**

Г-дин Петрушевски објасни дека предлозите за запирање на покренати постапки за одземање на дозволи се однесуваат за следните осум радиодифузери: ТРД ТВ ЕРА Скопје, ТРД К ТРИ Телевизија Куманово, ТРД ХЕПИРАДИО Скопје, ТРД КАПИТОЛ Радио Скопје, ТРД Радио ЧОКИ 5 Прилеп, ТРД ТВ ДУЕ Гостивар, ТРД Б-97 Битола и ТРД Радио ЛАВ Охрид. За сите нив предложи да се отвори општа дискусија, а потоа поединечно за секој од нив Советот да гласа.

Г-дин Трајчевски објасни дека сите осум радиодифузери годишниот надоместок за дозволата го платиле во целост и од таа причина се предлага до Советот да се запрат покренатите постапки за одземање на дозволата за телевизиско и радио емитување.

Г-дин Фетаи рече дека во овој случај ситуацијата е јасна и претставува рутинска постапка за Советот. Праша дали за секој радиодифузер ќе се гласа поединечно?

Г- Петрушевски рече дека само дискусијата е заедничка, но за секој медиум посебно Советот ќе се изјасни.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-49 од 21.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското Радиодифузно друштво ТВ ЕРА ДООЕЛ Скопје, бр.08-15 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 998.509,00 (деветстотинидеведесетиосумилјадипетстотиниидевет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-52 од 22.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво К ТРИ ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Куманово, бр.08-21 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 308.595,00 (тристаиосумилјадиипетстотинидеведесетипет) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-71 од 21.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво ХЕПИРАДИО ДООЕЛ Скопје, бр.08-78 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 253.255,00 (двестепедесититриилјадиидвестепедеситипет) денари за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-76 од 21.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво КАПИТОЛ РАДИО, д.о.о.е.л - Скопје, бр.08-81 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 253.255,00 (двестепедесититриилјадиидвестепедеситипет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-61 од 22.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво РАДИО 5 ЧОКИ ДООЕЛ Прилеп, бр.08-117 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 38.287,00 денари (триесетиосумилјадиидвестеосумдесетиседум) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-58 од 22.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво ТВ ДУЕ Назми ДООЕЛ Гостивар, бр.08-61 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 245.027,00 (двестечетириесетипетилјадиидваесетиседум) денари, за годишен надоместок за дозволата за телевизиско емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-79 од 22.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското Радио - Дифузно Друштво Б-97 ДООЕЛ Битола, бр.08-87 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 45.813,00 (четириесетипетилјадиосумстотиниитринаесет) денари, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-48 од 22.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и едногласно донесе Решение за запирање на покренатата постапка за одземање на дозволата за радио емитување на Трговското радиодифузно друштво Иванчо Пашоски РАДИО ЛАВ ДООЕЛ Охрид, бр.08-112 од 05.01.2015 година, поради извршена уплата во износ од 29.791,00 (дваесетидеветилјадиседумстотинидеведесетиеден) денар, за годишен надоместок за дозволата за радио емитување.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведеното Решение да го објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 3**

Г-дин Трајчевски ја образложи предложената Одлука за одземање на дозволата на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес. Објасни дека станува збор за регионална телевизија која емитува програма на подрачјето на Д1 - Црв Врв – Велес (Велес, Лозово, Свети Николе, Чашка, Градско, Росоман, Неготино, Кавадарци, Демир Капија), телевизиски програмски сервис со претежно забавен општ формат, на македонски јазик. Испратена е фактура за надоместокот на 5 јануари 2018 година со износ од 277.530,00 денари. Во законски утврдениот рок радиодифузерот не го плаќа надоместокот и Советот носи заклучок за започнување на постапка за одземање на дозволата. И во дополнителните 15 дена овој радиодифузер не го плати надоместокот и затоа се предлага да му се одземе дозволата на медиумот.

Г-дин Петрушевски рече дека за жал Законот мора де се почитува. Овој медиум од финансиски причини ќе ја изгуби дозволата и дека секако ова не е убава вест за новинарите кои работат во медиумот, но Советот на Агенцијата мора да го почитува Законот и нема друг избор.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот од директорот на Агенцијата, д-р Зоран Трајчевски, бр.08-50 од 22.02.2018 година и едногласно донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес, бр.08-20 од 05.01.2015 година, поради прекршување на член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија" бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17), а согласно со член 23 став 1 алинеја 3 и член 82 став 1 алинеја 6 од истиот закон, со оглед на фактот дека радиодифузерот не ја исполнил обврската од член 80 став 5 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, односно не го платил надоместокот за дозволата за телевизиско емитување во законски утврдениот рок, што е утврдено во Писмениот извештај за извршен административен надзор бр.05-686/1 од 08.02.2018 година, со текст како што е предложена одлуката.

Се задолжи Секторот за правни и економско-финансиски работи да ги извести ОЈЕКМ со кои радиодифузерот има склучено договор дека Советот на Агенцијата донесе Одлука за одземање на дозволата за телевизиско емитување на Трговското радиодифузно друштво КАНАЛ ЕДЕН ТЕЛЕВИЗИЈА ДООЕЛ Велес, бр.08-20 од 05.01.2015 година.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената Одлука да ја објави во „Службен весник на Република Македонија", на веб страницата на Агенцијата и во два дневни весници од кој едниот дневен весник е на јазикот на заедницата која не е во мнозинство, а го зборуваат најмалку 20% од граѓаните во Република Македонија.

**Точка 4**

Г-дин Трајчевски го образложи Предлог-заклучокот во врска со констатациите од увидот во документите за регистрација на правните лица коишто се основачи на ТВ 24 Вести од Штип. Објасни дека на крајот од минатата година имаше седница по повод овие истражувања што ги направи Агенцијата заради пријавата и Барањето за овој радиодифузер поради недозволена медиумска концентрација да му биде одземена дозволата. Тогаш Советот едногласно прифати дека врз база на документите што беа предложени не може да се донесе таква одлука, така што и да постои недозволена медиумска концентрација не може да биде одземена дозволата, затоа што согласно Законот отпочнува постапка која што трае согласно прописите во Законот. Тогаш на седницата на Советот на Агенцијата се заклучи без оглед на тоа што е донесена таква одлука, повторно да се направи истражување, да се побараат соодветни документи од Централниот регистар од Австрија за да повторно се види дали постои некаква поврзаност и дали има некое прекршување на Законот по однос на пријавата која што беше поднесена. Сите документи кои ги обезбеди Агенцијата се доставени во материјалите до Советот и ја повика раководителката на Секторот м-р Магдалена Давидовска Довлева да даде подетални објаснување и доколку има прашања рече дека се подготвени да одговорат.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева, објасни дека според податоците од Тековната состојба издадена од Централниот регистар на Република Македонија, единствен сопственик на ТРД 24 Вести ДООЕЛ од Штип е правното лице Цабле 24 ДОО Линц (овој назив е употребен во Тековната состојба). На 19.12.2017 година, со писмен допис Агенцијата побара од ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип, во рок од 15 дена од денот на приемот на дописот, да достави документ за регистрација на правното лице Цабле 24 ДОО Линц, Австрија, како и документи за регистрација на правното лице кое е основач на Цабле 24 ДОО Линц. Документите од коишто ќе може да се добијат сознанија за сопствениците и управителите на овие две правни лица, требаше да бидат издадени од соодветниот регистар на Австрија, преведени на македонски јазик од овластен судски преведувач и заверени на нотар. На 04.01.2018 година, радиодифузерот во Агенцијата достави документи за регистрација на правните лица ДОО КАБЕЛ 24 (овој назив е употребен во преводот од овластениот судски преведувач) и ДОО ЈМ-ДАТА издадени од регистарот на фирми на Република Австрија на 22.12.2017 година и преведени од овластен судски преведувач, но поради тоа што преводот не беше заверен на нотар, на 15.01.2018 година, Агенцијата побара од радиодифузерот преводите од овластениот судски преведувач да ги достави заверени на нотар. На 23.01.2018 година, ТРД 24 Вести ДООЕЛ Штип ги достави бараните документи на начин утврден во „Правилникот за начинот на доставување на пропратната документација кон дописите и пријавите упатени до архивата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги". Раководителката објасни дека констатациите од увидот се дека: Правното лице ДОО КАБЕЛ 24 е регистрирано како друштво со ограничена одговорност, Управител на ДОО КАБЕЛ 24 е физичкото лице Јирген Мајкснер а основач на ДОО КАБЕЛ 24 е правното лице ЈМ-ДАТА ДОО и дека Правното лице ДОО ЈМ-ДАТА е регистрирано како друштво со ограничена одговорност, Управител и основач на ова правно лице е физичкото лице Јирген Мајкснер, а прокурист е физичкото лице Весна Мајкснер. Единствен сопственик на ТВ 24 Вести од Штип е правното лице ДОО Кабел 24, регистрирано во Австрија, коешто е во сопственост на правното лице ДОО ЈМ-ДАТА, исто така регистрирано во Австрија. Единствен сопственик на ова правно лице е физичкото лице Јирген Мајкснер, коешто е и управител на двете правни лица. Сознанија од увидот во Централен регистар на Република Македонија: Правното лице ДОО Кабел 24, Линц во Република Македонија се јавува како сопственик само на ТВ 24 Вести од Штип и на ниту едно друго правно лице; Правното лице ДОО ЈМ-ДАТА, Линц не се јавува како сопственик на ниту едно правно лице во Република Македонија; Физичкото лице Јирген Мајкснер не се јавува како сопственик на ниту едно правно лице во Република Македонија; Физичкото лице Весна Мајкснер не се јавува како сопственик на ниту едно правно лице во Република Македонија. Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева како дополнителни информации објасни дека На 01.12.2017 година, на порталот Македонски медиумски сервис во рамки на текстот под наслов *„Денес се одлучува за одземање на дозволата на ТВ 24 и Енџелс ФМ Штип* беше објавено дека *„...Покрај споменатите две, Мајкснер е сопственик на уште една компанија за интернет услуги во Австрија, а има уште една компанија во Македонија. Тоа е компанијата за жичани телекомуникации Аикол. Аикол се води на иста адреса, „Ванчо Прќе 88" - Штип, како и кабелската телевизија Роби, Топ инвест, Роби Инжинеринг, а таму работи и радио*

*Енџелс ФМ....".* Истиот ден, Агенцијата преку Интернет дистрибутивниот систем на Централниот регистар на Република Македонија се обиде да обезбеди тековна состојба за правното лице Аикол. Поради тоа што за таков субјект во Трговскиот регистар и регистарот на други правни лица не постоеја податоци, Агенцијата го консултираше Централниот регистар на Република Македонија, по што беше обезбеден документ од којшто е видно дека правното лице Друштво за услуги, производство и трговија АИКОЛ ДООЕЛ Штип е избришано од регистарот на 27.06.2014 година. Според податоците за состојбата на субјектот пред бришењето единствен сопственик на ова правно лице било Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, а управител било физичкото лице Драган Павлов од Штип, како и дека ова правно лице се присоединило кон својот основач. По претходно барање од Агенцијата, на 11.12.2017 година Централниот регистар на Република Македонија достави документ - Архивиран историјат со промени за правното лице Друштво за услуги, производство и трговија АИКОЛ ДООЕЛ Штип од којшто е видно дека: Друштвото за услуги, производство и трговија АИКОЛ ДООЕЛ Штип е основано на 20.11.2007 година, од страна на Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип, како единствен сопственик. На 18.02.2010 година, во Централниот регистар е извршен упис на вкупно четири промени и тоа: на називот/фирмата на друштвото, на скратениот назив на субјектот, на седиштето и промена на основачите. Со оваа промена, во сопственичката структура на ова правно лице пристапило друштвото Аикал Телекомуникацинс-Динслајстунгс ГмбХ Јуденбург, Австрија. По оваа промена, сопственичката структура на Друштвото за услуги, производство и трговија АИКОЛ ДООЕЛ Штип, во периодот од 18.02.2010 година до 26.04.2013 година, била следната: На 26.04.2013 година, друштвото Аикал Телекомуникацинс-Динслајстунгс ГмбХ Јуденбург, Австрија истапило од сопственичката структура на Друштвото за услуги, производство и трговија АИКОЛ ДООЕЛ Штип и од тогаш па се до неговото присоединување со Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип на 27.06.2014 година, негов единствен сопственик е Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип. Според податоците од Годишните извештаи за развојот на пазарот на електронски комуникации што ги изработува Агенцијата за електронски комуникации на веб страницата се достапни извештаите од 2011 година наваму), во периодот од 2011 година до 2013 година, правното лице АИКОЛ – Штип се појавува само на листите на нотифицирани субјекти кои обезбедувале јавно достапни телефонски услуги на фиксна локација за национален и/или меѓународен сообраќај. Во ниту една од овие години, ова правно лице немало нотификација за обезбедување на услуги како што се реемитување или емитување на радио/телевизиски програми, што е видно од листите на нотифицирани субјекти за обезбедување на овие услуги објавени во Годишните извештаи за развојот на пазарот на електронски комуникации на Агенцијата за електронски комуникации. Агенцијата не располага со официјален документ од којшто може да констатира дали воопшто Јирген Мајкснер бил сопственик на правното лице Аикал Телекомуникацинс-Динслајстунгс ГмбХ Јуденбург од Австрија, во периодот од 18.02.2010 година до 26.04.2013 година, кога ова правно лице било сопственик на Друштвото за услуги, производство и трговија АИКОЛ ДООЕЛ Штип. Приспојувањето на Друштвото за услуги, производство и трговија АИКОЛ ДООЕЛ Штип кон Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип се случило една година откако друштвото

Аикал Телекомуникацинс-Динслајстунгс ГмбХ Јуденбург, Австрија истапило од сопственоста на ова правно лице и кога единствен сопственик на АИКОЛ било Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип. Од таа причина рече дека на Советот му се предлага да донесе заклучок:

- дека од увидот во документацијата е видно дека основачите и управителот на ТВ 24 Вести, како и самиот радиодифузер, истовремено не се јавуваат како основачи на оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми, односно дека не постои прекршување на член 39 став 1 алинеја 5 и став 2 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и

- дека увидот во документација не овозможува докрај да се испита дали ТВ 24 Вести и Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип се поврзани лица во смисла на член 36 од Законот, заради што е потребно да се преземат дополнителни активности за испитување на евентуалната поврзаност.

Г-дин Фиданоски рече дека од тоа што внимателно го слушнал и од тоа што имал можност да го види како увид во материјалот, во предлог заклучокот стои дека Советот треба да донесе заклучок дека од увидот во документацијата е видно дека и основачите и управителот и самиот радиодифузер истовремено не се јавуваат како основачи на оператор на јавни електронски комуникациски мрежи кое обезбедува реемитување или емитување на радио и телевизиски програми, односно не постои законско прекршување, или со други зборови кажано нема недозволена медиумска концентрација а во исто време во вториот дел од заклучокот се бара дополнително да се испита дали има евентуална поврзаност на лица. Праша што значат тие дополнителни активности и дали тоа треба да го прави Агенцијата или пак други институции?

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева одговори дека заклучокот е дека не постои прекршување на член 39 став став 1 алинеја 5 каде има ограничување основачите и управителите на радиодифузерите истовремено да се јавуваат како основачи на друштва кои што обезбедуваат услуга на реемитување на телевизиски програми. Затоа стои вториот дел каде што вика дека докрај не може да се испита и дали преку поврзани лица а тоа е член 39 став 1 алинеја 1.

Г-дин Фиданоски го праша г-дин Петрушевски дали Предлог заклучокот Советот ќе го гласа во целина или како два посебни заклучоци?

Г-дин Петрушевски рече дека предложениот заклучок се состои од две реченици и пишан е во еднина. Го праша дали има конкретен предлог?

Г-дин Фиданоски рече дека има разлика помеѓу двата заклучока и тоа е негово лично мислење и сака да го сподели. Минатиот пат зборувал на оваа тема, го барал она што го кажала раководителката Магдалена околу недозволената медиумска концентрација бидејќи го чита член 39 во заглавието стои така и тие алинеи се под тој член. Тоа го интересираше и смета дека тој заклучок ќе го поддржи, а што се однесува до другиот, вториот дел од заклучокот има дилеми дали треба да се поддржи.

Г-дин Трајчевски рече дека денес во Дневниот ред има две точки поврзани со овој радиодифузер. Кај втората точка ќе се отпочне постапка доколку Советот гласа согласно Предлогот и ќе се отвори постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација. Дали Агенцијата сама како институција ќе го испита или ќе побара помош од други надлежни институции за да се утврдат тие факти, тоа ќе произлезе од понатамошните активности. Оваа точка на некој начин индиректно е поврзана со наредната точка и доколку сега се гласа дека нема недозволена медиумска концентрација, а следната точка е да се отвори постапка за утврдување на недозволена медиумска концентрација кај овој радиодифузер, точките меѓу себе ќе бидат контрадикторни. Врз база на таа документација што ја има до сега е констатирано така, меѓутоа има и други моменти кои што не се поврзани со оваа документација и се објаснети во наредната точка за што треба да биде поведена постапка за недозволена медиумска концентрација.

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева одговори дека првиот дел од заклучокот се вели дека не постои недозволена медиумска концентрација во смисла на член 39 став 1 алинеја 5 и став 2 алинеја 6. Но не може да се каже дека нема заради тоа што Законот предвидува уште неколку други ситуации кои што би претставувале недозволена медиумска концентрација и една од нив е преку поврзани лица.

Г-дин Петрушевски рече, очигледно е дека барањето што беше од претходните седници да се одземе дозволата за емитување на овој радиодифузер беше незаконско затоа што Законот предвидува ако има недозволена медиумска концентрација да му се даде рок на медиумот да ја разреши за одреден период. Секако според овие членови/ставови што се кажаа на седницата констатирано е дека не постои основа, односно не постои прекршување на медиумска концентрација по член 39 став 1 алинеја 5 и став 2 алинеја 6. Но, рече дека според сите информации што претходно ги имале и сите настани што се случија во јавноста и документите што сега се приложени и информациите од наредната точка, потврдуваат дека има потреба да се испитува и понатаму. Така што за него и двата заклучока се во ред и двата ќе ги поддржи.

Г-дин Фетаи рече дека овој случај повеќе пати Советот го анализираше на минатите седници. Мисија на Советот и должност е пред сè да го почитуваат Законот и да го имплементираат. Иако Законот на некои места не е прецизен до крај, сега е во фаза на негова промена и на седница на Влада помина драфт предлог. Ја слушнал раководителката м-р Магдалена Давидовска Довлева дека член 39, па став 3 и 4, во смисла дека не може до крај да се прецизира дали постои недозволена медиумска концентрација. Се изјасни дека тој повеќе е концентриран и повеќе им дава значење на содржините на програмите на медиумите, во смисла што тие до гледачите испорачуваат. Оваа телевизија е една од посериозните телевизии. Во таа насока Агенцијата и Советот немале некои забелешки на неговата програмска шема и исполнување на новинарските професионални стандарди. Но повеќе пати произлегува дека на друг фронт водат војна да најдат дали има или нема недозволена медиумска концентрација. Не сака повеќе да навлегува во тие детали, но само го поддржува за да бидат што поблиску до тоа што Законот предвидува и обврските кои што произлегуваат од него. Еве и втората точка е во

таа насока, има предлог службено да се истражи во поглед на тоа ако постои недозволена медиумска концентрација. Ако на крај на сето тоа излезе дека има недозволена медиумска концентрација, Советот ќе одлучи и ќе му даде одреден рок, период да ја отстрани таа недозволена медиумска концентрација. Бидејќи не се оди во насока да се одземе дозволата, туку во прашање е нивната сопственичка структура, при што треба да дојдат во рамките на тоа што актуелниот Закон го предвидува. Затоа можеби би било добро и за самите медиуми, односно сопственици на медиумите дека во постојните рамки на актуелниот Закон треба нешто да се допрецизира во таа насока. Веќе три-четири седници се одржуваат, па се истражува сопственикот во Австрија, тука-таму и во друга насока. Во светот има толку медиумски концентрации, зборува за Берлускони или за други магнати што не знаат ни сами колку медиуми имаат. Во главно го поддржува тоа што е во рамките на реализација на обврските кои произлегуваат од актуелниот Закон што ја уредува оваа материја.

Г-дин Трајчев рече дека Советот сега постапува согласно Законот и во таа насока член 43 од Законот е јасен. Не велат дека постои, туку утврдуваат евентуално постоење на медиумска концентрација и само ќе започнат постапка, односно Советот не носи никаква конечна одлука. Доколку се утврди постоење се носи конечна одлука. Ова е само евентуално, доколку постојат било какви индиции, самиот член 43, став 1 кажува дека доколку има сознанија за евентуално постоење, во тој случај се покренува постапка која не значи конечно утврдување на таа концентрација така што Советот само постапува по Законот. Доколку евентуално постои, понатака си има процедура согласно Законот, предвидено на кој начин ќе се постапи.

Г-дин Петрушевски рече иако предложениот заклучок е напишан во еднина, сепак се работи за две различни реченици и колегата Фидановски е во право. Произлегува дека не може да се смета дека тоа е еден заклучок Иако дека другите членови не се изјасниле но тој би ја прифатил неговата сугестија, бидејќи има најави дека може за едниот дел да не се согласува до крај и праша дали се согласуваат да се гласаат двата посебно?

Г-дин Фиданоски рече дека тој само дал сугестија.

Г-дин Трајчев процедурално праша бидејќи Дневниот ред е утврден на почеток на седницата и е утврден во форма во каква што е, дали може да го сменат?

Г-дин Трајчевски рече дека тоа е заклучок, може да биде во две страници, може да се обработуваат повеќе теми.

Г-дин Петрушевски го праша г-дин Фиданоски, бидејќи г-дин Трајчев вели дека правно треба да се гласаат двата дела од Заклучокот одеднаш дали може?

Советот на Агенцијата ја усвои Информацијата бр.0-32/4 од 21.02.2018 година во врска со констатациите од увидот во документите за регистрација на правните лица основачи на ТВ 24 Вести од Штип и едногласно донесе заклучок:

- дека од увидот во документацијата е видно дека основачите и управителот на ТВ 24 Вести, како и самиот радиодифузер, истовремено не се јавуваат како основачи на оператор на електронски комуникациски мрежи кој обезбедува реемитување или емитување на радио/телевизиски програми, односно дека не постои

прекршување на член 39 став 1 алинеја 5 и став 2 алинеја 6 од Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и

- дека увидот во документација не овозможува докрај да се испита дали ТВ 24 Вести и Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип се поврзани лица во смисла на член 36 од Законот, заради што е потребно да се преземат дополнителни активности за испитување на евентуалната поврзаност.

**Точка 5**

Раководителката на Секторот за стратешко планирање и авторски права м-р Магдалена Давидовска Довлева ја образложи предложената одлука за поведување постапка за утврдување постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност кај Телевизија 24 вести од Штип. Објасни дека на 06 февруари 2018 година од заинтересирана страна до Агенцијата беше доставено барање, повторно за одземање на лиценцата на Телевизија 24 вести поради тоа што, постои, како што е наведено во барањето прекршување на член 36, став 2, алинеја 6 и член 39, став 1, алинеја 5 од Законот, односно, во прилог кон ова барање е доставена и снимка во времетраење од две минути и триесет секунди од интервју, кое што Роберт Димитров го дава за порталот Мактел. Значи, врз основа на изјавите, а имајќи предвид дека во членот 36 се јасно утврдени поврзаните лица, во смисла на овој Закон поврзани лица се лицата коишто се меѓусебно поврзани преку управување, капитал или на друг начин и кога тие поради таквата поврзаност заеднички можат да ја креираат деловната политика, односно да дејствуваат на координиран начин заради остварување на заеднички цели, или кога едно лице има можност да насочува или значајно да влијае врз друго лице при одлучувањето за финансирањето, деловното работење, или при одлучување на програмскиот концепт на радиодифузерот и посебно во вториот став, каде што се вика дека како поврзани лица од ставот 1 на овој член, особено се сметаат, значи покрај сите други, и лицата кои што со маркетинг или друг договор, во тримесечен или подолг период од една година остваруваат повеќе од 30 отсто приходи од рекламирање, телешопинг и спонзорства. Во интервјуто, господинот Роберт Димитров кажува дека, цитира: „*24 Вести, тоа не е тајна, Телекабел ја поддржува сите овие шест години иако работеше со минус, многу сум среќен што направивме бренд, пред сè на кој граѓаните му веруваат и е докажано дека по доверба е број 1 во последните три години и дека..*" и дека *..инспекцијата која доаѓала поставувала прашања зошто се даваат позајмици и дека Телекабел ја помагаше таа телевизија, нормално се цел дека еден ден ќе работи позитивно и дека тие пари ќе ни се вратат*. Согласно член 43 од Законот, каде што вика дека доколку Агенцијата, врз основа на сопствени сознанија, или врз основа на податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за недозволена медиумска концентрација, ќе ги испита таквите сознанија по службена должност, без одлагање. Секако, сега е предлогот да се покрене постапка. Ние ќе ги испитаме сите тие сознанија и важи сето тоа што членот на Советот претходно го кажа, во зависност од тоа што ќе се констатира, или ќе се донесе одлука дека не постои недозволена медиумска концентрација или пак дека постои, и доколку се констатира дека постои, на

радиодифузерот ќе му се даде рок да ја отстрани поради тоа што тоа е така утврдено со Законот.

Г-дин Петрушевски рече дека Барањето од ТРД Канал 77 и овој пат е непрецизно и претерано. Значи бара да се одземе дозволата. Законот не предвидува во овој случај да се одземе дозволата, туку да се поведе постапка за недозволена медиумска концентрација. Исто така, никаде, Роберт Димитров, експлицитно не кажува дека очекува профит. Тоа го кажува новинарот. Она што не оди во прилог на господинот Роберт Димитров, која што е причина да поведат постапка за недозволена медиумска концентрација се фактите што тој ги кажал тука, а тоа е, две причини според него – „многу сум среќен што направивме бренд". Значи ова може да го каже човек што се чувствува како косопственик. Исто така кажува дека давале позајмици на телевизијата, иако овде во документите во Законот е предвидено дека ако овие финансиски средства се повеќе од 30 проценти на годишно ниво, како приходи на телевизијата, тоа се третира како поврзаност. Така што ова, ќе мора Агенцијата во натамошниот период да види колкави биле овие средства, точно да ги испита и да се знае како да ја водат понатаму постапката. Тие се двете основни причини кои што ќе придонесат тој да гласа за да се поведе оваа постапка. Горе, во почетокот на предлогот на директорот, убаво е напишано што бара подносителот ставено во наводници. Во Одлуката што треба да ја донесе Советот, овие наводници ги нема. Советот треба да ја гласа таа Одлука и тој да ја потпише. Ако некој не ги гледа другите документи и ја гледа само оваа Одлука, може да сфати дека Советот мисли дека Телекабел, дека Роберт Димитров јавно кажува дека Телекабел е финансиер на Телевизија 24 Вести и дека очекува профит. Ова не е јасно, треба да се земе истиот начин како што е погоре објаснето. Ако некој ги знае сите документи ќе сфати дека тоа го кажал Канал 77, но овде тоа не е ставено во наводници и може, ако некој поединечно го гледа овој документ, да се протолкува поинаку. Од таа причина побара во образложението почетокот да биде како во Предлогот на директорот ставено со наводници или да се коригира соодветно.

Г-дин Трајчевски побара од г-дин Петрушевски точно да каже како треба да гласи за да Секторот ја коригира одлуката.

Г-дин Петрушевски рече дека ова нема да го потпише и нема да го гласа вака ако остане. Мора да се смени. Треба да биде исто како што е горе, како што е во предлогот на директорот, ставено во наводници. Во Одлуката која што Советот треба да ја донесе, наводниците се избришани. Прочита: „значи ТРД Канал 77 до Агенцијата, достави барање во кое меѓу другото е наведено дека..." еден куп има реченици во кои што не се гледа јасно дека не е став на Советот, дека Роби од Штип или Телекабел, јавно кажува дека Телекабел е финансиер на Телевизија 24 Вести и дека очекува профит, значи ова не е став на Советот, но е став на подносителот на Барањето, тоа е на Канал 77. Значи ова мора јасно да се напише или да биде горе како што е во наводници. Рече дека тоа е неговото барање.

Г-дин Фиданоски рече дека целата оваа работа му наликува, ако може така да се изрази како шпанска серија и претставува барање игла во стог сено, каде што притоа треба да се вклучат сите ресурси за таквото нешто. Го прочитал транскриптот од интервјуто каде што точно е дека стои дека се давани позајмици. Праша дали може да се

каже дека, на пример тој дал позајмица на Си-ен-ен. Прашањето е дали ги дал на легален начин и колкав е тој износ. Тоа не значи дека има некаква поврзаност која што значи сопственост или сопственички интерес. Или пак рече може да биде подружница на некоја друга компанија, но не сака да се експонира. Од тие причини смета дека не треба да се претворат во иследен орган во кое барате само едно лице, а на другата страна е истото друго лице на тапет, Македонија е мала земја и се знаат сите тие поврзаности или информации. Има информации, не вика дека се точни, но има и информации дека има несогласувања и недоразбирања кои се на лична основа. Смета дека Советот треба да ја врши неговата работа, но не би требало да се претвораат постојано во иследен орган, може и следниот пат да добијат барање и пак после тоа да добијат барање.. И минатиот пат побарал да се направат тие дополнителни истражувања, ги добиле како одговор во претходната точка. Рече дека тоа го интересирало, еве се отвара постапка меѓутоа не е убеден дека тука ќе се запре. Се согласува дека се отвора постапка согласно член 43, не е логично барањето за одземање дозвола туку треба да се отвори постапка и после тоа ќе се утврди дали има или нема, а ако има ќе му се наложи на сопственикот да ја отстрани. Тоа не значи по дифолт одземање на дозволата. Без разлика на сè, повторно смета дека целата ова така наречена истрага според него е непотребна за ова точка бидејќи минатата точка покажа некои информации и сознанија. Се изјасни дека ќе биде воздржан во однос на прашањето за поведување на недозволена медиумска концентрација.

Г-дин Петрушевски рече дека во меѓувреме го напишал предлогот за кој рече дека во образложението, иста реченицата после зборот наведено се става следното во наводници, „на ден 28.01.2018 година преку интернет порталот Мактел е објавено интервју со основачот и управител на јавна електронска комуникациска мрежа Телекабел, каде што дава јавен исказ дека е финансиер на ТВ 24 Вести и дека очекува профит". Со ова јасно ќе се каже дека е мислење на предлагачот Радио Канал 77, а не на Советот затоа што сега немаат доволно информации. Рече дека сепак тоа е обврска на Советот и дека треба да го испитаат ова и ќе ја поддржи предлог одлуката.

Г-дин Фетаи рече дека многу значајност и се дава на ова проблематика. Се потсети и се врати station наназад со сеќавањата кога имале постапка за почитување на членот 11 околу сопственичката структура во поглед на носители на јавни функции кои не смеат да бидат сопственици или коcопственици, или нивните членови на семејство, на медиумите. Но тогаш одговарале за две телевизии, ТВ Сител и ТВ Канал 5 и други медиуми, и тоа траеше една година и повеќе. На крајот испадна дека нормално во рамките на Законот тие се откажаа од нивните функции што ги имаа тогаш и тие телевизии со одредени нови прилагодувања фактички во рамките на законот почнаа и продолжуваат до ден денес да работат. Ако се констатира недозволена медиумска концентрација, ќе му се даде рок. И тогаш имале исто така четири-пет седници во тоа време поврзани со член 11, па им рекле до крајот на годината да се одлучат дали ќе ги задржат функциите или сопственоста на медиумите. Г-дин Фетаи рече дека е поблиску до размислувањата на г-дин Фиданоски. Најсоодветно е да биде воздржан во ова истражување на медиумската недозволена концентрација со оглед на претходната точка каде имаше констатација дека, со основните сознанија нема аргументи дека има медиумска концентрација, но не може до крај да се испита. Ако има сознанија дека тоа е

толку воочливо, дека во Македонија се создаваат тие медиумски магнати, нормално е дека и од јавноста и од другите, од здружението на новинари, ќе реагираат и би рекле да преземат сè што е во рамките на тоа што го предвидува Законот.

Г-дин Петрушевски рече дека доколку се поведе постапка за недозволена медиумска концентрација и доколку се констатира дека има, и радиодифузерот не ја отстрани, следен чекор е одземање на дозволата, а одземање на дозволата е исклучиво во надлежност на Советот на Агенцијата, значи тоа не може директорот да го реши сам. Затоа не би сакал во ова директорот и Стручната служба да ги остави сами, смета дека заслужуваат поддршка и дека оваа постапка треба да се продолжи. Исто така рече дека ќе каже зошто ова никако не го загрозува радиодифузерот. Имено ако врз основа на овие документи се докаже дека тој давал пари, позајмици на ТВ 24 Вести и ако тие се над 30% од вкупните приходи, Агенцијата му дава рок од 3 месеца да го реши тоа. Тие три месеци нема да им дава пари, Советот ќе констатира дека е сè во ред, а после 3 месеци, првиот ден, пак ќе им даде. Така што не знае колку е Законот доречен во тој дел, и смета дека радиодифузерот воопшто не е загрозен од ова, но негово мислење е дека треба да го поддржат.

Г-дин Трајчевски рече дека со донесувањето на конечната одлука не се носи никаков став, само се опишуваат активностите и ќе се испитаат дали се точни наводите. Не може да се каже ништо однапред. Ако Агенцијата знаеше дека се точни наводите, на седницата ќе беше предложена друга одлука, а не ваква. Објасни дека во овој момент не се предлага Советот да донесе никаква одлука со која ќе се обвини или ослободи медиумот туку само да се продолжи со истражувањето за да се види дали се точни наводите во пријавата. Апсолутно ништо не е насочено против некој медиум. Вакви истражувања Агенцијата правела кон разни медиуми изминатите години. И по страшно е ако евентуално се дојде до такви сознанија а Агенцијата не почнала со активности за да ги утврди, значи свесно го заобиколиле Законот.

Г-дин Трајчев рече дека веројатно сите членови ќе бидат воздржани. Се согласува со г-дин Фиданоски дека може да има едно барање, па друго и дека тоа може да оди до недоглед. Но ако се погледне член 43, став 1 од Законот, тој дава обврска да се преземе ваква активност. При тоа го прочита членот кој гласеше: „Доколку Агенцијата врз основа на сопствени сознанија или податоци добиени од заинтересирани лица има сознанија за евентуално постоење на недозволена медиумска концентрација, ќе ги испита таквите сознанија по службена должност без одлагање“. Значи едноставно Советот е должен да преземе, со тоа не кажува дека постои или не постои, не носи никаква одлука само спроведува една процедура која согласно Закон се должни да ја спроведат.

Г-дин Фиданоски му рече на г-дин Трајчев дека тоа го имал предвид, меѓутоа поентата е дека од истиот барател, имаше и минатиот пат барање на кое што се добиени констатации. Сега и второ барање, што ако има и трето и четврто барање, некој може тоа да го протолкува и како некој вид на притисок. Тој не сака да се доведат во таква ситуација да бидат дел или чинител на притисок кон медиум заради некакви работи. Од тие причини смета дека истражувањата на наводите што ги има од претходната точка, барем за него беа тоа што го интересираше. Оваа ситуација постојано може да се повторува и да оди во недоглед и од таа причина смета дека е непотребна.

Г-дин Петрушевски рече очигледно е дека постои и можност да не се изгласа Одлуката, сепак овде во Агенцијата има право секој да размислува по свое, никогаш немале проблем со тоа, дискутирале отворено. Предлогот ќе го стави на гласање и секој член на Советот нека гласа како што смета и секој лично сам си ја сноси пред себе одговорноста. Во однос на предлогот рече дека ќе го стави на гласање со корекцијата во одлуката која ја кажал на седницата.

Советот на Агенцијата го усвои Предлогот бр.08-91 од 21.02.2018 година од д-р Зоран Трајчевски, директор на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, и со 4 гласа „за“ од г-дин Петрушевски, г-дин Јанчески, г-дин Трајчев и г-дин Ајдини и со 3 гласа воздржани од г-ѓа Машовиќ, г-дин Фетаи и г-дин Фиданоски донесе одлука за поведување на постапка за утврдување на постоење на недозволена медиумска концентрација, по службена должност кај Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип врз основа на податоци добиени од заинтересирано лице дека Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип и операторот на јавни комуникациски мрежи Телекабел (Трговското радиодифузно друштво кабловска телевизија РОБИ ДООЕЛ Штип) се поврзани лица во смисла на Законот за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги („Службен весник на Република Македонија“ бр.184/13, 13/14, 44/14, 101/14, 132/14, 142/16 и 132/17).

Трговското радиодифузно друштво 24 ВЕСТИ ДООЕЛ Штип во рок од 45 дена од денот на приемот на одлуката да ги достави сите податоци од значење за одлучување на Агенцијата.

Се задолжи Секторот за координација и поддршка на работата на Директорот и на Советот на Агенцијата, горенаведената олука да ја објави на веб страницата на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги.

**Точка 6**

**Разно**

Немаше точки под Разно.

**Бр.** 02-889/13

26.02.**2018 година**

**Скопје**

**Агенција за аудио и**

**аудиовизуелни медиумски услуги**

**Претседател на Советот**

**Лазо ПЕТРУШЕВСКИ**